# 3ТИ КОНГРЕС НА ГИНЕКОЛОЗИ И АКУШЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
(СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО)

# 3RD CONGRESS OF GYNECOLOGISTS AND OBSTETRICIANS OF MACEDONIA
(WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION)









# КНИГА СО ПРЕДАВАЊА И АПСТРАКТИ

# BOOK OF LECTURES AND ABSTRACTS

ОХРИД
OHRID
2013

16-19 мај may 2013

# СПОРЕДБА НА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА СПЕРМАТОЗОИДИ УТВРДЕНА СО FUCHS ROSENTHAL , NEUBAUER И NEUBAUER IMPROVED КОМОРИ

Николовски Сотир - 1, Талевска Билјана - 1, Талевски Русе - 1, Ристевска Николина - 1, Велјановски Никола - 1, Чакаровски Гоце - 1

1 - Клиничка болница Д-р Трифун Пановски, Битола, Македонија

Клучни зборови: Fuchs rosenthal , Neubauer , Neubauer improved

E-mail: sotirropi@gmail.com

ЦЕЛ:
Целта на оваа студија беше да се утврди степенот на совпаѓање во одредувањто на концентрацијата на сперматозоидите помеѓу резултатите добиени со Fuchs rosenthal , Neubauer и Neubauer improved комори

МЕТОДИ:
Ејакулати од 30 мажи по соодветно разредуваење беа анализирани со Fuchs rosenthal , Neubauer и Neubauer improved комори. Концентрацијата на сперматозоидите беше анализирана од истиот примерок на разредување во сите три комори а добиените резултати беа анлизирани со Bland-Altman plot.

РЕЗУЛТАТИ:
Бројот на сперматозоиди беше 40,8 , 43 и 38 x106/ml сперматозоиди употребувајќи ги Fuchs rosenthal , Neubauer и Neubauer improved комори, соодветно, и од таму се утврди совпаѓањето помеѓу резултатите на трите испитувани комори.

ЗАКЛУЧОК:
Нашите резултати покажуваат дека утврдувањето на концентрацијата на сперматозоидите со комората Fuchs rosenthal е толку прецизна како и со Neubauer и Neubauer improved комора и дека сите овие комора може да се користат во рутинска анализа на спермата.

# ПРОЦЕНКА НА ФЕТАЛНАТА ТЕЖИНА СО 2Д УЛТРАЗВУК: СПОРЕДБА НА ТРИ ФОРМУЛИ.

Талевска Билјана - 1, Николовски Сотир - 1, Талевски Русе - 1, Ристевска Николина - 1, Велјановски Никола - 1, Чакароски Гоце - 1

1 - Клиничка болница Д-р Трифун Пановски, Битола, Македонија

Клучни зборови: Hansmann, Мерц и Hadlock формули

E-mail: talebiljania@gmail.com

Цел: Да се процени и спореди точноста на различните формули за да се процени тежината на фетусите со користење на 2D ултразвук.

Материјали и методи:Беа вклучени сите скенирани фетуси породени во рок од 7 дена во отсуство на структурни и хромозомски абнормалности. Тежината на фетусот пренатално е пресметана со користење 2D Hansmann, Мерц и Hadlock формули и потоа споредена со родилната тежина.

Резултати: Од 50 скенирани фетуси беа вклучени 42 кои ги исполнуваат критериумите. Родилните тежини се движеа помеѓу 1850 и 4800 г. Највисоката корелација помеѓу пренатално калкулираната тежина со формула и родилната тежина беше утврдена со примена на равенката 2D Hansmann.Односно степенот на корелација со 2D Hansmann, Мерц и четири- параметарска Hadlock формула беа 7,5%, 7,9%, и 9,2%, соодветно.

Заклучок: Најдобра опција со највисока точност за сонографски фетусот тежина проценка беше проследено со 2D Hansmann и Мерц формули.

# КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ ПРОЦЕДУРИ И ПАТОХИСТОЛОШКИТЕ НАОДИ ОД КОНИЗАЦИЈА НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

Вељановски Никола - 1, Чакаровски Гоце - 1, Ристевска Николина - 1, Николовски Сотир - 1

1 - Клиничка болница Битола, Гинеколошко акушерско одделение, Битола, Македонија

Клучни зборови: преканцерози, ХПВ типизација, Пап тест

E-mail: nikvelj@yahoo.com

Вовед
Преканцерозите на грлото на матката се релативно честа патологија која бара сигурна дијагноза и навремен третман. Целта е пациентката да се излечи со дефинитивна процедура со цел да се намали можноста од рецидиви.
Цел и методи
Цел на трудот е да се прикажи сензитивноста на предклиничките испитувања споредени со дефинитивната патохистолошка дијагноза добиена по пат на конизација.
Резултати
Испитани се 119 жени во период од 2008 до 2012 година кои побарале треман заради абнормален ПАП тест. Од нив 73 (61%) имале ЦИН 2, 21 (17,6%) од нив биле со цин 1 , 11 ( 13%) со цин 3 и 10 (12%)со ca in situ промена. Кај сите е направен биопсија а кај 45 и ХПВ типизација. Кај 65 ( 54% ) жени наодот од биопсијата се совпаѓал со Пап тестот а кај 41 (34%) најдена е поавансирана форма, а кај 23( 19% ) имало помала цин премена или негативен наод.Кај сите е направена конизација.Од сите 119 жени кај 78 ( 65% ), е потврдена дијагнозата од биопсијата а кај останатите 41(35%) е најден повисок степен на дисплазија, од кои кај 4 од нив е детектиран пробив на базална мембрана до ниво на микроинвазија.
Заклучок
Доследноста во дијагностичките процедури за дефинитивен третман на преканцерози на грлото на матката е предуслов за дефинитивен третман на ова заблуваење имајќи го во предвид фектот дека сите дијагостички постапки имаат нецелосна специфичност.

# КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ ПРОЦЕДУРИ И ПАТОХИСТОЛОШКИТЕ НАОДИ ОД КОНИЗАЦИЈА НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

Вељановски Никола - 1, Чакаровски Гоце - 1, Ристевска Николина - 1, Николовски Сотир - 1

1 - Клиничка болница Д-р Трифун Пановски, Битола, Македонија

Клучни зборови:

E-mail: nikvelj@yahoo.com

Вовед

Преканцерозите на грлото на матката се релативно честа патологија која бара сигурна дијагноза и навремен третман. Целта е пациентката да се излечи со дефинитивна процедура со цел да се намали можноста од рецидиви.

Цел и методи

Цел на трудот е да се прикажи сензитивноста на предклиничките испитувања споредени со дефинитивната патохистолошка дијагноза добиена по пат на конизација.

Резултати

Испитани се 119 жени во период од 2008 до 2012 година кои побарале треман заради абнормален ПАП тест. Од нив 73 (61%) имале ЦИН 2, 21 (17,6%) од нив биле со цин 1 , 11 ( 13%) со цин 3 и 10 (12%)со ca in situ промена. Кај сите е направен биопсија а кај 45 и ХПВ типизација. Кај 65 ( 54% ) жени наодот од биопсијата се совпаѓал со Пап тестот а кај 41 (34%) најдена е поавансирана форма, а кај 23( 19% ) имало помала цин премена или негативен наод.Кај сите е направена конизација.Од сите 119 жени кај 78 ( 65% ), е потврдена дијагнозата од биопсијата а кај останатите 41(35%) е најден повисок степен на дисплазија, од кои кај 4 од нив е детектиран пробив на базална мембрана до ниво на микроинвазија.

Заклучок

Доследноста во дијагностичките процедури за дефинитивен третман на преканцерози на грлото на матката е предуслов за дефинитивен третман на ова заблување имајќи го во предвид фектот дека сите дијагостички постапки имаат нецелосна специфичност.